РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-34/1
02.01. 2026 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2025 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

1. Содржина ........................................................................................................ 2
2. Вовед ................................................................................................................ 3
3. Табеларен приказ на активности
(Активностите во табелата хронолошки се наведени согласно датумот на реализирање) ........................................................................................................ 4
4. Наративно образложение на активности ..................................................... 9
5. Образложение за Извештајот ..................................................................... 26
6. Легенда на кратенки...................................................................................... 26

**До**
**Градоначалник на Општина Велес**
**Совет на Општина Велес**
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади од Општина Велес, го изработи и достави до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Министерството за социјална политика, демографија и млади (поранешна надлежна Агенција за млади и спорт), следниот:

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година

### Табеларен приказ на активности

| Табеларен приказ на активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **бр** | **Активност** | **Партнери / Соработници / Засегната страна** | **Период на реализација** | **Архивски број** |
| 1 | Донесена Одлука на СОВ за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес | Службеник за млади СОВ | 29.01.2025 | 25-841/12 |
| 2 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | Службеник за млади Барател | 07.02.2025 | 26-1058/1 |
| 3 | Донесено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Службеник за млади Градоначалник на Општина Велес | 17.02.2025 | 08-1222/1 |
| 4 | Објавен Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Велес | Службеник за млади Општина Велес | 19.02.2025 | 11-1222/2 |
| 5 | Одржана седница на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Службеник за млади Членови на Комисија | 03.03.2025 | 08-1222/1 |
| 6 | Изготвен Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот наконституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес | Службеник за млади Членови на Комисија | 03.03.2025 | 02-1222/10 |
| 7 | Изготвено Мислење за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Службеник за млади Членови на Комисија | 04.03.2025 | 02-1222/11 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Донесено Решение за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик | Службеник за млади<br>Градоначалник | 05.03.2025 | 02-1222/12 |
| 9 | Објавен Јавен повик за членство во Локално собрание на млади | Службеник за млади<br>Членови на ИО | 14.03.2025 | 11-1222/17 |
| 10 | Одржана седница на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади за разгледување на пристигнати пријави за Собрание | Службеник за млади<br>Членови на ИО | 17.03.2025 | 11-1222/18 |
| 11 | Донесено Решение за формирање на Локално собрание на млади | Службеник за млади<br>Градоначалник | 28.03.2025 | 08-1222/28 |
| 12 | Одржана конститутивна седница на Локално Собрание на млади | Службеник за млади<br>Членови на ЛСМ | 01.04.2025 | 11-1222/29 |
| 13 | Објавен Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет | Службеник за млади<br>Општина Велес | 02.04.2025 | 11-1222/36 |
| 14 | Одржана седница на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес | Службеник за млади<br>Членови на Комисија | 22.04.2025 | 11-1222/37 |
| 15 | Донесена Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар Велес | Службеник за млади<br>СОВ | 22.04.2025 | 25-2397/18 |
| 16 | Донесен Правилник за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес | Службеник за млади<br>СОВ | 22.04.2025 | 25-2397/19 |
| 17 | Одржан настан за млади на тема астронаутика и НАСА инженерство | Службеник за млади<br>Општина Велес<br>Општина Чашка<br>Мировен корпус<br>Средни училишта<br>Европска куќа<br>МЦВ | 25.04.2025 | / |
| 18 | Одржана прва седница на Локално собрание на млади | Службеник за млади<br>Членови на ЛСМ | 25.04.2025 | 11-1222/39 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19 | Изготвен Записник од одржана седница на членовите на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес | Службеник за млади<br>Членови на Комисија | 25.04.2025 | 11-1222/49 |
| 20 | Донесена Одлука на Локалното Собрание на млади за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес | Службеник за млади<br>Членови на ЛСМ | 25.04.2025 | 11-1222/50 |
| 21 | Изготвен Записник од првата седница на Локалното собрание на млади на Општина Велес | Службеник за млади<br>Членови на ЛСМ | 25.04.2025 | 11-1222/51 |
| 22 | Изготвено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на пријави за Јавниот повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес | Градоначалник<br>Општина Велес | 30.04.2025 | 08-2526/1 |
| 23 | Објавен Јавен повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес | Службеник за млади<br>Опшина Велес | 07.05.2025 | 11-2614/1 |
| 24 | Доставен Одговор на Барање до Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>(Младински центар) | Службеник за млади<br>Барател | 15.05.2025 | 08-2686/2 |
| 25 | Одржани две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар во Велес | Службеник за млади<br>Членови на Комисија | 22.05.2025 | 11-2526/2<br>11-2526/5 |
| 26 | Изготвени два Записници од две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар во Велес | Службеник за млади<br>Членови на Комисија | 22.05.2025 | 11-2526/3<br>11-2526/6 |
| 27 | Изготвено Мислење за избор на Младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес | Службеник за млади<br>Членови на Комисија | 22.05.2025 | 11-2526/7 |
| 28 | Изготвено Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес | Службеник за млади<br>Градоначалник | 22.05.2025 | 08-2526/8 |
| 29 | Потпишан Договор за раководње со Младински центар во Велес | Службеник за млади<br>Градоначалник<br>Избрана организација | 26.05.2025 | 08-2526/9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30 | Остварена средба со Н. Е. Михалис Рокас, амбасадор на Европска унија | Службеник за млади<br>Амбасада на ЕУ<br>Членови на<br>ЛМС и МЦВ | 27.05.2025 | 11-2953/1 |
| 31 | Донесена Одлука на СОВ за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес | Службеник за млади<br>СОВ | 28.05.2025 | 25-3016 |
| 32 | Одржана прва / конститутивна седница на ЛМС Велес | Службеник за млади<br>ЛМС Велес | 09.06.2025 | 11-1222/52 |
| 33 | Презентација на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година | Општина Велес<br>Министерство за економија и труд<br>ЛМС Велес | 16.06.2025 | / |
| 34 | Доставен одговор на Прашалник до Министерство да социјална политика, демографија и млади (Акциски План 2023 – 2025 година од Националната стратегија за млади 2023 – 2027 година) | Службеник за млади<br>Барател | 14.07.2025 | / |
| 35 | Одржана втора седница на ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 18.07.2025 | 11-1222/61 |
| 36 | Одбележан Денот на младите | Службеник за млади<br>МЦВ / ЕУХ / ЛМС | 12.08.2025 | / |
| 37 | Учество на on line дебата | Службеник за млади /<br>ЗГ „Младите можат" /<br>ЛМС Велес | 25.08.2025 | / |
| 38 | Присуство на ликовна изложба „Пет години генералка викенд" | Службеник за млади /<br>Компанија<br>„Мен енд маунтен"<br>ЛМС Велес / Општина Велес /<br>ЗГ / ООУ / СОУ | 25.08.2025 | / |
| 39 | Одржана трета седница на ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 02.09.2025 | 11-1222/64 |
| 40 | Одржан координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 10.09.2025 | / |
| 41 | Организирана работна средба на тема влијанието врз животната средина од депонијата на фабриката Хемиска Индустрија Велес | Службеник за млади<br>Граѓански градежен институт, Скопје /<br>ЛМС Велес / ЗГ /<br>Млади / СОУ / ЈЗУ | 24.09.2025 | / |
| 42 | Одржани работни состаноци со засегнати страни од заедницата, со цел прибирање предлози за креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2026 година | Службеник за млади<br>ЛМС Велес /<br>младински организации / ЕУХ /<br>МЦВ / средношколски заедници / | 15 - 30.09. 2025 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 43 | Одржана четврта седница на<br>ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 29.10.2025 | 11-<br>1222/72 |
| 44 | Одржан координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 10.11.2025 | / |
| 45 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2026 година | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес /<br>СОВ | 14.11.2025 | 25-<br>5330/65 |
| 46 | Учество на регионален состанок за јавни консултации за креирање на Акциски план 2026-2027 за Националната Стратегија за млади 2023-2027 | МСПДМ<br>УНДП<br>УНФПА<br>ОБСЕ<br>Општина Велес | 19.11. 2025 | / |
| 47 | Одржана петта седница на<br>ЛМС Велес | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес | 27.11.2025 | 11-<br>1222/78 |
| 48 | Одржан координативен состанок во врска со одбележувањето на меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември | ЛМС Велес / МЦВ | 28.11.2025 | / |
| 49 | Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември | Службеник за млади /<br>ЛМС Велес / МЦВ /<br>ЕУХ / ООУ / СОУ | 05.12.2025 | / |
| 50 | Одржана седница на Локално собрание на млади на Општина Велес | Службеник за млади /<br>ЛСМ Велес /<br>ЛМС Велес | 12.12.2025 | 11-<br>1222/85 |
| 51 | Потпишан Меморандум за соработка со Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје | МЦГО /<br>Општина Велес | 15.12.2025 | 08-5783/1 |
| 52 | Учество на тренинг сесија, со цел формирање на Национален Младински Климатски Совет, Скопје | ЗГ „КолективЗ" /<br>УНИЦЕФ<br>ЛМС Велес /<br>други ЛМСи | 19.12.2025 | 11-<br>1222/83 |
| 53 | Остварување и одржување комуникација и соработка<br>со партнери /<br>соработници /<br>засегнати страни | Службеник за млади | во тек на<br>цела 2025<br>година | / |

- **Активностите во табелата хронолошки се наведени согласно датумот на нивно реализирање.**

**Наративно образложение на активности**

1. **Донесена Одлука на СОВ за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Советот на Општина Велес на својата редовна седница во месец јануари 2025 година, едногласно донесе Одлука за за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес во која се пропишани и дефинирани условите и начинот за отпочнување на процесот за избор на членови на ИО, а со тоа и на ЛСМ и ЛМС на Општина Велес (арх. бр. 25-841/12).

2. **Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на барател, а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, како и процедурите за формирање на Младински центар во Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 07. февруари 2025 година (арх. бр. 26-1058/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до барателот на информацијата.

3. **Донесено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Врз основа на член 16 и член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), а согласно член 3 од Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 2/25), Градоначалникот на Општина Велес, донесе Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 08-1222/1, од 17.02.2025 година), со кое се се формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик.

4. **Објавен Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Велес**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), а согласно Одлуката за давање согласност за

распишување Јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 2/25), Општина Велес на 20 февруари 2025 година расписа Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес.

Истиот беше објавен на интернет страницата на Општина Велес (линк: https://veles.gov.mk/javenpovikio2025/), како и на социјалните медиуми, а сите засегнати страни (младински организации, организации за млади, ученички и средношколски заедници, подмладоци на политички партии, училишта, Здруженија на граѓани и други форми на организирање и здружување на млади) беа навремено и транспарентно известени и по електронски пат и телефонски.

5. **Одржана седница на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 11-1222/2, од 19.02.2022 година), на ден 3 март 2025 година (понеделник), одржа седница при што го утврди вкупниот број на пристигнати апликации согласно Јавниот повик, истите ги разгледа и евалуираше, состави Записник за одржаната седница (арх.бр. 02-1222/10, од 03.03.2025 година), врз основа на што подготви Мислење и истото го Достави до Градоначалникот на Општина Велес за избор на членови на Иницијативниот одбор (арх.бр. 02-1222/11, од 04.03.2025 година).

6. **Изготвен Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот наконституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес**

Согласно член 16 и член 17 од Законот за младинско учество и младински политики, член 44-г од Статутарната одлука за пристапување кон изменување на Статутот на Општина Велес (арх. бр. 25-2495/3, од 21.06.2021 година) и водејќи се според насоките од Прирачникот за Локални младински совети, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт, Комисијата ги разгледа и административно ги провери пристигнатите пријави со номинирани лица за членови во Иницијативен одбор, по што изготви Записник за својата работа (арх.бр. 02-1222/10, од 03.03.2025 година).

7. **Изготвено Мислење за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествуваат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик, согласно заклучокот од Записникот (арх. бр. 02-1222/10, од 03.03.2025 година), изготви Мислење за избор на членови во ИО и истото го достави до Градоначалникот на Општина Велес (арх. бр. 02-1222/11, од 04.03.2025 година).

8. **Донесено Решение за избор на членови во Иницијативен одбор кои ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик**

Градоначалникот на Општина Велес, врз основа на даденото Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од форми на организирање и здружување на млади за член/ови во Иницијативен одбор кој/и ќе учествува/аат во процесот на конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес по објавен Јавен повик (арх. бр. 02-1222/11, од 04.03.2025 година), донесе Решение за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/12, 05.03.2025 година).

9. **Објавен Јавен повик за членство во Локално собрание на млади**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 25-841/12, од 29.01.2025 година), Јавниот повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/2, од 19.02.2025 година) и Решението за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/12, од 05.03.2025 година), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, на 14.03.2025 година распиша Јавен повик за членство во Локално собрание на млади (арх. бр. 11-1222/17) и истиот беше транспарентно и навремено објавен на интернет страницата на Општина Велес и на социјалните медиуми.
(линк: https://veles.gov.mk/lokalno-sobranie-na-mladi/)

10. **Одржана седница на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади за разгледување на пристигнати пријави за Собрание**

Согласно објавениот Јавен повик за членство во Локално собрание на млади (арх. бр. 11-1222/17, од 14.03.2025 година), членовите на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Велес (Решение за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади арх. бр. 08-1222/1, од 17.02.2025 година), одржаа состанок на 26 март 2025 година (среда), во просториите на Општина Велес. На состанокот присуствуваа и претставниците на општинската администрација, Владимир Смилев, Службеник за

млади во Општина Велес и Надица Габерова, Одделение за правни работи. Членовите на ИО ги разгледаа и направија административна проверка на пристигнатите пријави согласно Јавниот повик, изготвија Записник од одржаниот состанок (арх. бр. 11-1222/26, 26.03.2025 година), како и Мислење за формирање на Локално собрание на млади (11-1222/27, 27.03.2025), кои навремено ги доставија до Градоначалникот на Општина Велес.

### 11. Донесено Решение за формирање на Локално собрание на млади

Општина Велес на ден 17.03.2025 година, на интернет страницата го објави Јавниот повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/17, од 14.03.2025 година). По завршувањето на Повикот, Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Велес, заедно со Службеникот за млади во Општина Велес, одржаа состанок на 26.03.2025 година (среда), на кој беа разгледани пристигнатите пријави од формите на организирање и здружување на млади и беше извршена административна проверка на истите, со кои се номинираат кандидатите (делегати и заменици делегати) за членови во Локално собрание на млади на Општина Велес. За својата работа членовите на ИО подготвија Записник (арх. бр. 11-1222/26, од 26.03.2025 година), како и Мислење за формирање на Локално собрание на млади кое беше навремено доставено до Градоначалникот на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/27, од 27.03.2025 година).

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ" бр. 10/20), членовите 50 и 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/2002), членовите 44-г, 44-д и 44-ѓ од Статутот на Општина Велес, како и Мислењето на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади (арх. бр. 11-1222/27, од 27.03.2025 година), Градоначалникот на Општина Велес, донесе Решение за формирање на Локално собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/28, од 28.03.2025 година).

### 12. Одржана конститутивна седница на Локално Собрание на млади

Согласно Јавниот повик за членство во Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/17, од 14.03.2025 година) и Решението за формирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/28, од 28.03.2025 година), Иницијативниот одбор на Локалното Собрание на млади на Општина Велес ги повика членовите на новоформираното Локално Собрание на млади да одржат конститутивна седница на Локалното Собрание на млади на Општина Велес. Истата се одржа во вторник, 01 април 2025 година, со почеток во 12:30 часот, во просториите на Општина Велес (електронска сала) на која присуствуваше и Службеникот за млади.

### 13. Објавен Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет

Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20), Јавниот повик за членство во Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/17, од 14.03.2025 година), Решението за формирање на Локално собрание на млади

на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/28, од 28.03.2025 година) и Записникот од одржаната конститутивна седница на Локално собрание за млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/30, од 02.04.2025 година), како и врз основа на Одлуката за распишување на Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/35, од 02.04.2025 година), донесена од страна на Локалното собрание на млади на Општина Велес, а во врска со членовите 44-д и 44-ѓ од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), членовите на Локалното собрание на млади на Општина Велес, распишаа Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес. Истиот беше навремено и јавно објавен на интернет страницата на Општина Велес, како и на социјалните медиуми.
(**линк:** https://veles.gov.mk/lokalen-mladinski-sovet/)

**14. Одржана седница на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес**

Врз основа на Одлуката за избор на членови на Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/31, од 02.04.2025 година), а согласно член 44-д од Статутот на Општина Велес и Записникот од конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина Велес (арх. бр 11-1222/30, од 02 април 2025 година), на 22 април 2025 година, (вторник), со почеток во 10:00 часот, во просториите на Општина Велес членовите на Комисијата одржаа седница на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес на која ги разгледаа и извршија административна проверка на пристигнатите пријави од форми на младинско здружување и организирање за членови во Локален младински совет на Општина Велес по објавен Јавен повик.

**15. Донесена Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар Велес**

Поради имплементација на законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики, каде во глава V, член 16 е предвидено и дефинирано формирањето на Младинските центри, Советот на Општина Велес донесе Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес во која се дефинирани условите за работа на Младинскиот центар, начинот на кој Општина Велес ја поддржува работата на Младинскиот центар, времетраењето во кое избраната организација ќе раководи со Младинскиот центар, како и условите кои организациите треба да ги исполнуваат при пријавувањето на јавно објавениот повик за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење на Младинскиот центар.

Одлуката за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес е донесена

на 22.04.2025 година (арх. бр. 25-2397/18, од 22.04.2015 година, „Службен гласник на Општина Велес" 05/25).

16. **Донесен Правилник за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Овој Правилник ги следи насоките вградени во Правилникот за стандарди на квалитет на младинските центри, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт (АМС), подготвен во соработка со членките-организации на Сојузот за младинска работа (СМР), а истовремено ги следи и утврдените законски рамки кои се дел од Законот за младинско учество и младински политики.

Во овој посебно изготвен Правилник, донесен од СОВ, на седницата одржана на 22.04.2025 година (арх. бр. 25-2397/19, од 22.04.2025 година, „Службен гласник на Општина Велес" бр. 05/25) е дефинирано правото на учество и се утврдени условите кои треба да ги исполнуваат младинските организации или организациите за млади - апликанти на јавно објавениот повик за избор на младинска организација или организација за млади за раководење на Младинскиот центар во Велес.

17. **Одржан настан за млади на тема астронаутика и НАСА инженерство**

Во соработка со Општина Чашка и волонтерите на Мировен корпус од Соединетите Американски Држави кои живеат и волонтираат во општините Чашка, Кичево и Велес, во просториите на Европска куќа, Велес беше одржан настан за млади. На настанот беа присутни млади волонтери од Младинскиот центар во Велес и претставници на средношколските заедници од средните училишта од градот. На настанот мотивациски говор одржа и говореше Мартина Димоска, млада истражувачка од Кичево, која пред присутните го сподели своето работно искуство во НАСА како аналоген астронаут и вселенски инженер. Присутните на настанот имаа можност да се запознаат со темите за материјално инженерство и нанотехнологија, како и да го прошират своето знаење во аеронаутичко инженерство, комерцијални вселенски студии и вселенска политика.

18. **Одржана прва седница на Локално собрание на млади на Општина Велес**

Врз основа на член 44 од Статутот на Општина Велес, како и Деловникот за работа на Локалното собрание на млади на Општина Велес, Претседавачот на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, ги повика членовите на Локалното Собрание на млади на Општина Велес на седница. Истата се одржа на ден 25 април 2025 година, каде сите заинтересирани пријавени млади согласно Јавниот повик за членство во Локален младински совет можеа да се претставаат и да ги презентираат своите замисли за работењето на новиот состав на Локалниот младински совет на Општина Велес во наредниот двегодишен мандат. Меѓудругото, на седницата беше донесена Одлука за избор на членови на Локален младински совет со мандат од две години (арх. бр. 11-1222/50, од 25.05.2025 година) која пак беше доставена до членовите на Советот на Општина Велес, со цел донесување Одлука за верификација на мандатите.

19. **Изготвен Записник од одржана седница на членовите на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Статутот на Општина Велес и насоките од Деловникот за работа на Локалното собрание на млади, Локалното собрание на млади на Општина Велес донесува Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, по доставен Записник од работата на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/49, од 25.04.2025 година), односно по разгледувањето и административната проверка на пристигнатите пријави за номинирање на лица за членови во Локалниот младински совет по објавен Јавен повик, како и по доставувањето на Записникот од истата Комисија со список на избрани членови на ЛМС од страна на Собранието.

20. **Донесена Одлука на Локалното Собрание на млади за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Статутот на Општина Велес и Деловникот за работа на Локалното собрание на млади, Локалното собрание на млади на Општина Велес донесува Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, по доставен Записник од работата на Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Велес, односно по разгледувањето и административната проверка на пристигнатите пријави за номинирање на лица за членови во Локалниот младински совет по објавен Јавен повик, како и по доставувањето на Записникот од истата Комисија со список на избрани членови на ЛМС од страна на Собранието.

По затворањето на Јавниот повик за прибирање на пријави за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/36, од 02.04.2025 година), линк од објава (https://veles.gov.mk/javenpoviklms20252027-03-04-2025/) и по направениот увид на пристигнатите пријави, Комисијата состави Записник за својата работа и истиот го достави до Службеникот за млади и Претседавачот на Собранието (арх. бр. 11-1222/47, од 22.04.2025 година).

Комисијата навремено го достави Записникот од својата работа до Претседавачот на Локалното собрание на млади на Општина Велес и до Службеникот за млади.

По чинот на гласање за време на првата седница на Локалното собрание на млади од страна на членовите на истото, одржана на 25.04.2025 година се направи избор на членови во Локалниот младински совет на Општина Велес, Комисијата се состана и за својата работа подготви Записник со список на избрани членови на ЛМС, кој беше доставен и едногласно усвоен од страна на Собранието (Записник од одржана седница на Комисијата арх. бр.11-1222/49, од 25.04.2025 година).

Врз основа на гореспоменатите два Записници, Собранието ја донесе оваа Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес.

Собранието ја доставува оваа Одлука до Советот на Општина Велес за нејзино усвојување и верификација на мандатите на новоизбраните членови на Локалниот младински совет на Општина Велес.

Членовите на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Велес, по добиена Одлука за избор на членови на Локален младински совет од страна на Собранието на млади на Општина Велес и Записник од Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален Младински Совет на Општина Велес со список на избрани членови на ЛМС.

Од избраните членови на Локалниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател. Членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес се избираат со мандат од две (2) години, со право на уште еден (1) избор.

Локален младински совет (ЛМС) на Општина Велес претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади, претставници на различните форми на организирање и здружување на млади во Општина Велес, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Во Локалниот младински совет може да членуваат претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско здружување со свои претставници (млади луѓе на возраст од 15 до 29 години).

Согласно Прирачникот за Локални Младински совети, вкупниот број на членови на ЛМС е различен во секоја општина, односно бројот на членови е непарен, не може да биде помалку од пет (5) лица и да не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината.

Локалниот младински совет на Општина Велес брои седум (7) членови.

### 21. Изготвен Записник од првата седница на Локалното собрание на млади на Општина Велес

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), член 44 од Статутот на Општина Велес, а согласно насоките од Прирачникот за Локални младински совети, на ден 25 април 2025 година (петок), во просториите на Општина Велес, членовите на Локалното собрание на млади на Општина Велес, одржаа прва седница на Локалното собрание на млади на Општина Велес, за чијашто работа се изготви Записник од истата (арх. бр. 11-1222/51, од 25.04.2025 година).

### 22. Изготвено Решение за формирање Комисија за разгледување и евалуација на пријави за Јавниот повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес

Врз основа на член 50, став 1, точка 16, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 5 од Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.05/25), Градоначалникот на Општина Велес донесе Решение за за формирање Комисија за разгледување и евалуација на пријави за Јавниот повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес. Комисијата се формираше со цел да биде спроведена постапката на разгледување, евелуација и административна проверка на

пристигнати пријави од форми на младинско здружување за раководење со Младинскиот центар во Велес, да изготви Записник за својата работа, а соодтветно на Правилникот да изготви и Мислење со предлог за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес и во определен рок да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

**23. Објавен Јавен повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Согласно донесената Одлука на СОВ за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар Велес (арх. бр. 25-2397/18, од 22.04.2025 година, „Службен гласник на Општина Велес” бр. 05/25), на официјалната интернет страница на Општина Велес, јавно и транспарентно беше објавен Јавниот повик, заедно со Правилникот за утврдување на условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар во Велес и останати документи во прилог.
(**линк објава:** https://veles.gov.mk/javen-povik-mladinski-centar/
**линк документи**: https://veles.gov.mk/mladinski-centar/ )

**24. Доставен Одговор на Барање до Министерство за социјална политика, демографија и млади (Младински центар)**

По поднесено Барање од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади за доставување информации во врска со статусот на Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 08-2686/1, од 12.05.2025 година), Општина Велес навремено го достави одговорот до Барателот (арх. бр. 08-2686/2, од 15.05.2025 година).

**25. Одржани две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар во Велес /**

**26. Изготвени два Записници од две седници на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар во Велес /**

**27. Изготвено Мислење за избор на Младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младински центар Велес**

На 22 мај (четврток) 2025 година, Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар Велес, одржа две седници (11-2526/2, од 12.05.2025 година и 11-2526/5, од 22.05.2025 година) за што изготви и два Записници (арх. бр. 11-2526/3, од 22.05.2025 година и 11/2526/6, од 22.05.2025 година), врз основа на кои до Градоначалникот на Општина Велес, достави Мислење за избор на организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 11-2526/7, од 22.05.2025 година).

**28. Изготвено Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Градоначалникот на Општина Велес, врз основа на даденото Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар Велес (арх. бр. 11-2526/7, од 22.05.2025 година) и двата Записници ододржаните две седници на Комисијата (арх. бр. 11-2526/3, од 22.05.2025 година и 11/2526/6, од 22.05.2025 година), а согласно член 63 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), донесе Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес (арх. бр. 08-2526/8, од 22.05.2025 година). По донесувањето на ова Решение во временски утврден рок, Градоначалникот и избраната организација склучуваат Договор за раководење со Младинскиот центар во кој се утврдуваат правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење со Младинскиот центар во Велес.

**29. Потпишан Договор за раководње со Младински центар во Велес**

Согласно донесеното Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес за период од три години, беше склучен Договор за раководење со Младински центар во Велес (арх. бр. 08-2626/9, од 26.05.2025 година) помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и Фондација за локален развој и демократија „Фокус” од Велес.

Предмет на овој Договор е утврдување на правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење со Младински центар Велес. Исто така во него е конкретизирано раководењето со Младинскиот центар дека ќе го врши Фондација за локален развој и демократија „Фокус”, Велес во име на група организации, заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес.

**30. Остварена средба со Н. Е. Михалис Рокас, амбасадор на Европска унија**

На покана на амбасадата на Европската унија, младите претставници на Локалниот младински совет, како и претставници на Младинскиот центар од Велес и Службеникот за млади, имаа можност да остварат средба со Н.Е. Михалис Рокас, амбасадор на Европска унија и директно да се запознаат и разговараат на теми поврзани со младинските прашања и предизвици со кои младите велешани се соочуваат на локално ниво. Средбата се одржа во просториите на Европска куќа, Велес, на 27 мај 2025 година (вторник), при официјалната посета на амбасадорот на ЕУ на Општина Велес и неговата средба со градоначалникот на Општина Велес и советниците од Советот на Општина Велес.

(**линк 1:** https://veles.gov.mk/evroambasdorot-mihalis-rokas-vo-pose/
**линк 2:** https://www.facebook.com/share/p/16PKkj9tUU/)

**31. Донесена Одлука на СОВ за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес**

На седница на Советот на Општина Велес, одржана на 28 мај 2025 година, беше донесена Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 25-3016/25, од 28.05.2025 година).

Со тоа се заокружи целиот процес за избор и формирање на Локален младински совет, согласно законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики и беа верификувани мандатите на сите седум членови на ЛМС Велес во наредниот двегодишен период, со што се овозможи процесот на одржување на седници на ЛМС Велес да започне, односно ЛМС Велес да започне со својата работа.

**32. Одржана прва / конститутивна седница на ЛМС Велес**

На ден 09 јуни 2025 година година (понеделник), врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020), членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес и согласно Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 25-3016/25, 28.05.2025 година) и Деловникот за работа на ЛМС Велес (11-700/19, од 17.03.2023 година), а по покана на Службеникот за млади, членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (ЛМС Велес), ја одржаа Првата (конститутивна) седница.

(**линк:** https://veles.gov.mk/formiran-noviot-lokalen-mladinski-so/ )

**33. Презентација на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година**

Во рамки на активностите за промоција на мерките и активностите кои произлегуваат од Оперативниот план за активните Програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година беше организирана информативна средба со стопанските комори, здруженија на занаетчии, здруженија на граѓани и млади на која се презентираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, активни мерки од Агенцијата за поддршка на претприемништвото, како и тековни мерки и јавни повици на Министерството за економија и труд. Заедно со Службеникот за млади, на настанот беа поканети и присуствуваа прествставници на Локалниот младински совет на Општина Велес.

**34. Доставен одговор на Прашалник до Министерство за социјална политика, демографија и млади (Акциски План 2023 – 2025 година од Националната стратегија за млади 2023 – 2027 година)**

По доставен on line Прашалник од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади за доставување информации во врска со имплементацијата на Акцискиот План 2023 – 2025 година од Националната стратегија за млади 2023 – 2027 година на 08.07.2025 година, Општина Велес навремено го достави on line одговорот до Барателот на 14.07.2025 година.

**35. Одржана втора седница на ЛМС Велес**

На ден 18 јули 2025 година година (петок), во просториите на Општина Велес, врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020) и согласно членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21), како и Деловникот за работа на Локален младински совет на Општина Велес (11-700/19,

од 17.03.2023 година), членовите на ЛМС Велес ја одржаа својата втора редовна седница.

**36. Одбележан Денот на младите**

Општина Велес, заедно со млади, претставници на Локалниот Младински Совет и Младинскиот центар во Велес, а во соработка со Европска куќа Велес организираше работилница „Мојот младински центар од соништата" и дебата на тема „Дали младите имаат реално влијание во процесот на носење одлуки на локално ниво?", со што беше одбележан 12 август, меѓународниот Ден на младите.

Во духот на денот, беше одбележан и третиот роденден на Младинскиот центар од Велес.

**Линк:** https://www.facebook.com/share/p/1Bw7JgQGVy/?mibextid=wwXIfr

**37. Учество на on line дебата**

На покана од ЗГ „Младите можат" од Скопје, претставниците на ЛМС Велес беа поканети да земат учество на on line дебата на тема „Младите и политиката". На дебатата учество земаа млади од целата држава, претставници на Европска куќа од повеќе градови, претставници на Младинските центри од државата, како и претставници од повеќе Локални младински совети од повеќе градови.

**38. Присуство на ликовна изложба „Пет години генералка викенд"**

По покана од компанијата „Мен енд маунтен", членовите на ЛМС Велес беа поканети да присуствуваат на изложбата „Пет години генералка викенд", на која беа изложени фото и видео материјали од реализираните активности во рамките на проектот „Зелена сончева: Генералка викенд", а истовремено беа доделени и благодарници за учесниците. Настанот се одржа во просториите на Европска куќа во Велес, а на истиот, меѓу другите, беа поканети и присуствуваа млади од градот, претставници на општинските училишта, претставници на здруженијата на граѓани, како и на општинската администрација.

**39. Одржана трета седница на ЛМС Велес**

На ден 2 септември 2025 година (вторник), во просториите на Општина Велес, врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020) и согласно членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21), како и Деловникот за работа на Локален младински совет на Општина Велес (11-700/19, од 17.03.2023 година), членовите на ЛМС Велес ја одржаа својата трета редовна седница.

**40. Одржан координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес**

Претседателката на Локалниот младински совет на Општина Велес и Службеникот за млади во Општина Велес, на ден 10 септември 2025 година, во просториите на Општина Велес одржаа координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес. Беа договорени следни чекори и активности, се разговараше за досегашното работење на ЛМС Велес, се координираа активностите за периодот кој следи и беше разговарано за теми поврзани за годишната програма на ЛМС Велес во 2026 година.

41. **Организирана работна средба на тема влијанието врз животната средина од депонијата на фабриката Хемиска Индустрија Велес „Гласови за промени: истражување на решенија за депонијата на Хемиска индустрија Велес”**

По покана на Граѓански градежен институт, Скопје, а во рамки на европскиот проект Fic-fighters, членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес беа поканети и земаа активно учество на интерактивната и кооперативна работилница „Гласови за промени: истражување на решенија за депонијата на Хемиска индустрија Велес”. Проектот има за цел пронаоѓање решенија за депониите на фосфогипс ширум Европа, тестирајќи решенија за безбедна реупотреба на отпадот. Една од тие депонии е и депонијата од Хемиската индустрија Велес, која претставува една од шеснаесетте еколошки жешки точки во нашата држава.

На овој настан, присутните учесници, претставници на младински организации и останати Здруженија на граѓани, претставници од општинските училишта, од јавни здравствени институции и останати релевантни јавни институции и органи, ги разгледаа ризиците, влијанијата и можните идни сценарија поврзани со депонијата од фосфогипс во близина на с. Згрополци, Велес.

За време на работилницата присутните имаа можност да се информираат за фосфогипсот, неговите карактеристики и целите на проектот Fic-fighters, беа претставени мапираните ризици и влијанија од депониите од перспектива на локалната заедница, а беа реализирани групни активности за идни сценарија за подрачјето околу депонијата, водени од признати експерти во своето поле на интерес.

42. **Одржани работни состаноци со засегнати страни од заедницата, со цел прибирање предлози за креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2026 година**

Согласно Одлуката за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС во 2026 година (арх. бр.11-1222/67, од 02.09.2025 година), беа одржани вкупно осум (8) средби / консултации / фокус групи / работни состаноци со млади луѓе од Општина Велес, како и со останати релевантни и засегнати страни, претставници на средношколските заедници од градот, на Европска куќа Велес, Младински центар Велес, младински организации и организации за млади од Општина Велес, во временскиот период 15 – 30 септември 2025 година, со цел прибирање предлози и идеи за реализација на активности и иницијативи кои се претставени во годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2026 година.

Работната група ги прибра и ги срочи во еден заеднички текст предлозите и идеите произлезени од работните состаноци со засегнатите страни, насловен „предлог-Годишна Програма за работа на Локален младински совет на Општина Велес во 2026 година”. Истата навремено ја достави до членовите на ЛМС Велес и до Службеникот за млади во Општина Велес, по што ЛМС Велес донесе Одлука за усвојување на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2026 година (арх. бр. 11-1222/74, од 29.10.2025 година). Истата беше доставена и до СОВ, по што СОВ

донесе Заклучок за усвојување на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2026 година (арх. бр. 25-5330/65, од 14.11.2025 година).

**43. Одржана четврта седница на ЛМС Велес**

На ден 29 октомври 2025 година (среда), во просториите на Општина Велес, врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020) и согласно членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21), како и Деловникот за работа на Локален младински совет на Општина Велес (11-700/19, од 17.03.2023 година), членовите на ЛМС Велес ја одржаа својата четврта редовна седница.

**44. Одржан координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес**

Претседателката на Локалниот младински совет на Општина Велес и Службеникот за млади во Општина Велес, на 10 ноември 2025 година, во просториите на Општина Велес одржаа координативен работен состанок во врска со актуелното работење на ЛМС Велес. Беа договорени следни чекори и активности, се разговараше за досегашното работење на ЛМС Велес, се координираа активностите за периодот кој следи, односно за присуството на седницата на Советот на Општина Велес и презентирањето на точката од Дневниот ред.

**45. Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2026 година**

На третата седница на Советот на Општина Велес, одржана на 14 ноември 2025 година беше донесен Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2026 година (арх. бр. 25-5330/65, од 14.11.2025 година). На оваа седница на СОВ, членовите на ЛМС Велес за прв пат имаа можност да бидат присутни и да го следат текот на самата седница, да се запознаат со работата на Советот, а истовремено и да говорат пред присутните членови на СОВ во врска со точка од Дневниот ред.

**46. Учество на регионален состанок за јавни консултации за креирање на Акциски план 2026-2027 за Националната Стратегија за млади 2023-2027**

Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рамките на процесот на изработка на Акцискиот план 2026 - 2027 за имплементација на Националната стратегија за млади 2023 - 2027, формираше тематски работни групи од повеќе општини, од Здруженија на граѓани и членови на младински организации и организации на млади, кои имаа за цел да дефинираат активности, одговорности, индикатори, временска рамка и финансиска конструкција на мерките во тематските приоритетни области на Акцискиот план.

На 19 ноември 2025 година, Службеникот за млади од Општина Велес, присуствуваше на работен состанок во Штип, организиран од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, а во соработка со партнерите УНДП, УНФПА и ОБСЕ, на кој беа споделени информации за

реализацијата на претходниот Акциски план и плановите за спроведување на новиот со важност заклучно до 2027 година. На состанокот беа споделени актуелни предизвици, планови за работа и предлог активност во работењето на Локалните младински совети, на Младинсиките центри и на Службениците за млади на национално ниво.

**47. Одржана петта седница на ЛМС Велес**

На ден 27 ноември 2025 година (четврток), во просториите на Општина Велес, врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020) и согласно членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21), како и Деловникот за работа на Локален младински совет на Општина Велес (11-700/19, од 17.03.2023 година), членовите на ЛМС Велес ја одржаа својата петта редовна седница.

**48. Одржан координативен состанок во врска со одбележувањето на меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември**

Во просториите на Младински центар Велес, на ден 28 ноември 2025 година (петок), членовите на ЛМС Велес и претставници на МЦВ одржаа координативен работен состанок на кој се разговараше за деталите и подготовките во врска со одбележувањето на меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември.

**49. Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември**

Во организација на Локалниот младински совет на Општина Велес, во соработка со Младински центар Велес, а со поддршка на Европска куќа, Велес, беше реализиран настан за млади по повод одбележувањето на меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември, насловен „Велес волонтира: Работилница за активизам и заедничка акција". Настанот се одржа во просториите на Европска куќа, Велес, во присуство на претставници на општинските основни и средни училишта од градот. Пред присутните се обратија Службеникот за млади во Општина Велес, младинскиот работник од Младински центар Велес и претставник на Европска куќа Велес, кои говореа за придобивките од волонтирањето во локалната заедница и значењето на волонтерството како одлика на секој еден човек. Беа споделени лични примери и волонтерски искуства како од претставниците на ЛМС Велес, кои говореа за својот волонтерски ангажман во рамки на Локалниот младински совет на Општина Велес, така и од присутните млади луѓе, а своите идеи за волонтирање ги истакнаа на т.н. „Ѕид на волонтерски идеи".

(**линк:** https://veles.gov.mk/delnavolnterstovto05122025/ )

**50. Одржана седница на Локално собрание на млади на Општина Велес**

Согласно Деловникот за работа на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, на ден 12 декември 2025 година (петок), членовите на Локалното Собрание на млади на Општина Велес одржаа редовна седница на која беше разгледан и усвоен Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година. Истиот е доставен до Службеникот за млади и до Советот на Општина Велес, а поради почитување на принципите на транспарентност, отчетност и

јавност и по усвојување од страна на СОВ ќе биде јавно објавен на интернет страницата на Општина Велес.

**51. Потпишан Меморандум за соработка со Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје**

Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје, како носител на проектот „Од свест до акција: Унапредување на спречувањето и борбата против насилниот екстремизам во заедницата во Северна Македонија", поддржан од Фондот за глобално ангажирање на заедницата и отпорност (GCERF), а кој се спроведува во периодот од 01 октомври 2025 – 30 септември 2027 година, заедно со Општина Велес потпишаа Меморандум за соработка (арх. бр. 08-5783/1, од 15.12.2025 ).

Меморандумот овозможува воспоставување меѓусебна соработка и координација при реализација на проектотните цели.

Целта е да се воспостави и зајакне функционалната соработка на ниво на заедница со Локалните совети за превенција и релевантните општински тела за рана идентификација, упатување и соодветен институционален одговор на ризици кај младите, преку воспоставување на механизми за рано предупредување и превенција во општините Аеродром, Кисела Вода, Куманово, Липково, Тетово и Велес.

Како дел од активностие за реализација на соработката, се овозможува:

- работа со општинските тела: Локален совет за превенција, Локален младински совет, останати локални акциски тимови и други тела кои имаат за цел зачувување и подобрување на безбедноста во општината и превенција на насилство;
- соработка со Младинскиот центар и поддршка во активностите;
- поддршка и присуство на настани кои ќе бидат организирани на територијата на општината во рамки на проектот.

Меморандумот е со времетраење до 31 декември 2027 година.

Проектот се спроведува во конзорциум со организациите: Центар за балканска соработка – Лоја, Тетово и Центар за интеркултурен дијалог – ЦИД, Куманово.

Носител на проектот е Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје.

**52. Учество на тренинг сесија, со цел формирање на Национален Младински Климатски Совет, Скопје**

По покана на Здружението на граѓани „КолективЗ" од Валандово, членовите на ЛМС Велес, земаа активно учество на еднодневна тренинг сесија „Мисли глобално, дејствувај локално", која има за цел да поттикне оформување на Национален Младински Климатски Совет. Во јуни 2025 година, по спроведувањето на првата Локална конференција на млади (LCOY) , каде младите ги дефинираа приоритетните локални климатски проблеми и ја изразија потребата од поголемо учество во процесите на одлучување, организаторот покани и вклучи млади луѓе од повеќе градови и институции, да се вклучат и да придонесат со свои идеи во формирањето на првиот Национален Младински Климатски Совет во нашата држава, по примерот на повеќе европски држави. Овој совет ќе служи како

национална платформа што ги обединува сите Локални младински совети, обезбедувајќи активно учество во креирањето и советувањето на национални климатски и еколошки политики; организација на годишни LCOY настани; номинирање на младински преставници за вклучување во COY и COP процесите како официјални младински делегати; можност да ги пренесат локалните предизвици на национално и меѓународно ниво; заедничко обликување одржлива, праведна и зелена иднина. Настанот е поддржан од страна на Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ).

**53. Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни**

Со цел навремено информирање, остварување на контакти и продлабочување на соработка, реализација на иницијативи и проектни активности, Службеникот за млади по неговото назначување во 2021 година, остварува и одржува редовна комуникација со сите засегнати страни од делокругот на неговата работа: со млади од заедницата, младинскиот работник од Младинскиот центар во Велес, со останати Службеници за млади од други општини, со претставници на младински чадор организации, Сојуз за младинска работа (СМР), Коалиција на младински организации СЕГА, со претставници на поранешната Агенција за млади и спорт (АМС), со младински организации, организации за млади, Здруженија на граѓани од градот и државата и со останати форми на младинско организирање и здружување, претставници на странски амбасади, меѓународни фондови и организации, УНДП, УНФПА, Делегација на Европска унија, мрежата на претставништва на Европска куќа, пред сѐ од Велес, но и од останатите градови во Македонија, Мировен корпус, ОБСЕ и други, а истовремено остварува и одржува редовна комуникација и соработка и со Градоначалникот и Советот на Општина Велес, помага и ја координира работата и активностите на Младинскиот центар од Велес, како и на Локалниот младински совет на Општина Велес.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ” бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за својата работа и истиот го доставува до Министерството за социјална политика, демографија и млади (поранешна надлежна институција Агенција за млади и спорт).

Поради почитување на принципите на транспарентност, отчетност и јавност, Службеникот за млади го доставува истиот Извештај и до Градоначалникот на Општина Велес и до Советот на Општина Велес, со цел нивно информирање.

Следствено на ова, а врз основа на законските одредби, Извештајот ќе биде јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес (во делот *„МЛАДИ” / „СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ”*, линк: https://veles.gov.mk/sluzbenikmladi/).

**Легенда на кратенки:**

1. АМС - Агенција за млади и спорт
2. ГО – Граѓанска организација
3. ЕУ – Европска унија
4. ЕУХ – Europe house (Европска куќа)
5. ЗГ – Здружение на граѓани
6. ИО – Иницијативен одбор
7. ЛМС – Локален младински совет
8. ЛСМ – Локално собрание на млади
9. МСПДМ – Министерство за социјална политика, демографија и млади
10. МЦВ – Младински центар Велес
11. МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование
12. НА – Национална агенција
13. Н.Е. – Негова / Нејзина Екселенција
14. НМСМ – Национален младински совет на Македонија
15. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
16. ОО Црвен крст – Општинска организација на Црвен крст
17. РСМ – Република Северна Македонија
18. СОВ – Совет на Општина Велес
19. УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
20. УНИЦЕФ - Фонд за деца на Обединетите нации
21. УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации
22. ЦГЕРФ - Фонд за глобално ангажирање на заедницата и отпорност

**Доставено до:**

- Градоначалник на Општина Велес;
- Совет на Општина Велес;
- Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

**Датум:**
**2 јануари 2026**
**Велес**

**Изработил:**
**Владимир Смилев**
**Службеник за млади во Општина Велес**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС